РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Сектор за макроекономска политика

# БИЛТЕН

## Декември 2010



Скопје, февруари 2011 година

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Декември 2010 година

- Индекс на индустриското производство во декември 2010 година на скоро на исто ниво од претходниот месец (-0,1%);
- Годишен раст на општото ниво на цени од 3,0% и месечно ниво на инфлацијата од 0,7%;
- Раст на физичкиот обем на извозот во 2010 година за 11,6%, со висок номинален вредносен раст од 29,7% во однос на 2009 година. Раст на увезените количини на стоки од 11%, со вредносен номинален раст од 13,9%;
- Поголемо остварување на вкупните приходи на Централниот буџет за 3,7% и зголемување на вкупните расходи за 2,2% во 2010 во однос на 2009 година. Дефицит на централниот буџет од 2% од БДП, а на консолидираниот буџет од 2,5% од БДП;
- Раст на вкупните кредити кон приватниот сектор од 7,1% на годишна основа, со истовремен раст на вкупниот депозитен потенцијал на банките од 13,7%;
- Намален број на невработени лица во декември 2010 година од 5,8% во однос на декември 2009 година.

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Индексот на индустриското производство во декември е на скоро истото ниво во споредба со ноември 2010 година и изнесува -0,1%. При тоа, секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода забележа раст од 34,9%, додека секторот Вадење на руди и камен и секторот Преработувачка индустрија забележаа пад од 7,8%, односно 3,8% на месечно ниво, соодветно. Десезонираниот месечен раст на индустриското производство во декември 2010 година изнесува 0,7%, што укажува дека индустријата била под влијание на сезонски фактори кои делувале негативно.

Индустриско производство (во %) - декември 2010 година

| | м/м-1 | м/м-12 | I-XII 2010 / I-XII 2009 |
|---|---|---|---|
| Вкупно | -0,1 | -7,7 | -4,3 |
| Вадење на руди и камен | -7,8 | -17 | -3,4 |
| Преработувачка индустрија | -3,8 | -9,7 | -6,9 |
| Снабдување со електрична енерија, гас и вода | 34,9 | 9,9 | 14,3 |

Извор: ДЗС

Во рамки на преработувачката индустрија, позитивен месечен раст е регистриран кај 10 од 20 гранки. Така, раст е остварен кај Производство на тутунски производи 10,5%, Издавачка дејност, Печатење и репродукција на снимени медиуми 14,6%, Производство на хемикалии и хемиски производи 13,9%, Производство на основни метали 5,1%, Производство на метални производи во металопреработувачка фаза 9,3%, Производство на моторни возила 52,3%, Производство на други сообраќајни средства 278,9%, Производство на мебел 91,4% и Рециклажа 19%.




Индустриското производство во декември 2010 година во однос на истиот месец од 2009 година забележа пад од 7,7%. Анализирано по сектори, на годишно ниво секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода забележа раст од 9,9%, додека секторите Вадење на руди и камен и Преработувачка индустрија забележаа пад од 17% и 9,7%, соодветно Во рамки на преработувачката индустрија, позитивен годишен раст е регистриран кај 14 од 20 гранки, при што, значаен раст е забележан кај две од трите носечки гранки со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство. Така, раст е остварен кај Производството на облека од 11,4% и кај Производството на основни метали од



9,6%, додека кај Производството на прехранбени производи и пијалаци е регистриран пад од 12,1%. Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство има Производството на тутунски производи и ферментација на тутун (6,3 п.п.), а најголем негативен придонес има Производството на метални производи во металопреработувачката фаза (-2,2 п.п).

На кумулативна основа, во 2010 година индексот на индустриско производство во однос на 2009 година забележа намалување од 4,3%. Секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода забележа раст од 14,3%, додека кај секторот Вадење на руди и камен и секторот Преработувачка индустрија регистриран е пад од 3,4%, односно 6,9%, соодветно.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Според оценката на раководителите, тековната економска состојба на деловните субјекти во декември 2010 година е поповолна во однос на ноември, како и во однос на декември 2009 година, што претставува продолжување на подобрувањето започнато од ноември 2010 година. Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е исто така поповолна во однос на ноември. Обемот на производството на деловните субјекти во декември 2010 година бележи пораст во споредба со ноември 2010 година. Очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни, како и очекувањата за бројот на вработените, што укажува на севкупно подобрување на состојбите во преработувачката индустрија. Според оценката на раководителите, во наредниот период, просечните набавни цени на инпутите ќе се зголемат, како и продажните цени на готовите производи.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во декември 2010 година изнесува 61,4% од нормалното искористување. Најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во декември 2010 година имаат: недоволната странска побарувачка со 21,8%, недоволната домашна побарувачка со 17,2%, финансиските проблеми со 12,9% и неизвесното економско окружување со 12%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во декември 2010 година забележа раст од 0,2% во однос на ноември 2010 година. Гледано по сектори, раст на бројот на вработени на месечна основа забележа секторот Преработувачка индустрија од 0,4%, додека секторот Вадење руди и камен и секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода, забележаа пад од 0,4% и 0,3%, соодветно.

Вкупниот број на работници во индустријата во декември 2010 година во споредба со декември 2009 година забележа намалување од 1,9%. Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници на годишно ниво во секторот Вадење на руди и камен од 3,0% (при што висок раст од 10,2% е регистриран во гранката Вадење на камен јаглен и лигнит и вадење на тресет). Во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода, е забележан раст од 2,6%, додека во Секторот Преработувачка индустрија е регистриран пад од 2,6%. Во рамки на преработувачката индустрија висок раст на годишно ниво на бројот на вработени е регистриран во Производството на основни

метали од 16,8%, што е од особено значење имајќи го предвид големото учество во структурата на индустриското производство, што укажува на вкупно подобрување на состојбите во оваа гранка. На кумулативна основа, во 2010 во однос на 2009 година во оваа гранка регистриран е раст на индустриското производство од 22,2%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во 2010 година во однос на 2009 година забележа намалување од 4,4%. Намалувањето во секторот Вадење на руди и камен изнесува 2,8%, во Преработувачката индустрија 5%, а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода 0,9%.

## Инфлација

Во декември 2010 година инфлацијата (CPI) изнесува 3,0% во однос на истиот месец 2009 година, односно 0,7% во однос на ноември 2010 година.

Растот на цените на годишна основа е највисок во категоријата Домување од 5,7%, како последица на растот за електрична енергија и на греење. Раст на цените е забележан и кај: Сообраќајните средства и услуги од 3,6%, Исхраната од 3,2%, која има и највисоко учество во пресметковната структура од скоро 39%, Ресторани и хотели од 1,9%, Хигиена и здравје од 1,5% Облека и обувки од 1,3% и Тутун и пијалаци од 0,7%. Пад е забележан кај категориите Култура и разонода од 0,3% и цените за административни и финансиски услуги од 6,1%.




Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за четиричлено домаќинство за декември 2010 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 12.342 денари и во однос на претходниот месец е повисока за 1,1%.

Индексот на цените на мало во декември 2010 година забележа зголемување од 3,7% во однос на декември 2009 година.

Во декември 2010 година цената на природниот гас забележа месечен раст од 13,7%.

Во декември 2010 година цената на нафтата на светските берзи се зголеми за 7,2% во однос на претходниот месец и достигна вредност од 91,8 долари за барел. Споредено со декември 2009 година, цената на нафтата е зголемена за 23%.




Во рамки на металните производи,

никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно зголемување на цената од 5,3% и достигна ниво од 24.111 долари за еден метрички тон ($/мт). Споредено со декември 2009 година цената на никелот е повисока за 41,3%.

Пад на цените на месечно ниво е забележан кај цинкот од 0,5%, додека раст на цените на месечно ниво е забележан кај бакарот 8,0%, златото од 1,5% и алуминиумот 0,8%.

# 2. Надворешно трговска размена

## Извоз

Анализирано на годишно ниво, физичкиот обем на извозот бележи раст од 11,6%, а неговата вредност достигна 2.497,5 милиони евра, што претставува значителен раст од 29,7% во однос на 2009 година. Во декември 2010 година, извозот на стоки забележа месечно намалување од 11,2%.

Главни групи извозни производи (според СМТК) во 2010 година се: железо и челик 23,6%, облека 17%, хемиски материи и производи 6,9%, нафта и производи од нафта 6,6%, метална руда и отпадоци од метал 6,1% и пијалоци и тутун 6,1%. Овие шест групи производи сочинуваат 66,4% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економска намена, во 2010 година, значителен раст на извозот од 52,1% во однос на 2009 година е забележан кај производите наменети за индустрија, со придонес во вкупниот раст на извозот од 22 п.п..

Анализата на извозот по дејности (NACE Ref.1) во 2010 година, во споредба со 2009 година, укажува на значителен раст на извозот во Преработувачката индустрија од 461,9 милиони евра, што првенствено се должи на растот на: производство на основни метали за 56,2%, со придонес во раст од 11,8 п.п., производство на хемикалии и хемиски производи за 2,5 пати, со придонес во раст од 8,8 п.п.,



Надворешно трговска размена на РМ (во милиони евра); Извор: ДЗС



Извоз на поважни производи по СМТК (учество во %); Извор: ДЗС



Придонес во раст на ивозот по економска намена во 2010 година (во процентни поени); Извор: Пресметки на МФ

производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво за 20,1%, со придонес во раст од 1,4 п.п и производство на прехранбени производи и пијалоци за 12%, со придонес од 1,3 п.п. во вкупниот раст.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2009 | I-XII-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| .000Т | 619,3 | 753,6 | 134,3 | 21,7 |
| Мил. ЕУР | 381,2 | 589,2 | 208,0 | 54,6 |
| Мил.$ | 534,0 | 777,8 | 243,8 | 45,7 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2009 | I-XII-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| .000Т | 550,9 | 574,9 | 24,0 | 4,4 |
| Мил. ЕУР | 215,4 | 267,2 | 51,8 | 24,0 |
| Мил.$ | 301,7 | 354,6 | 52,9 | 17,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2009 | I-XII-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 349,2 | 327,3 | -21,9 | -6,3 |
| Мил. ЕУР | 136,2 | 164,8 | 28,6 | 21,0 |
| Мил.$ | 191,3 | 218,1 | 26,8 | 14,0 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2009 | I-XII-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 1.321,2 | 1.215,2 | -106,0 | -8,0 |
| Мил. ЕУР | 444,1 | 563,4 | 119,3 | 26,9 |
| Мил.$ | 621,1 | 744,8 | 123,7 | 19,9 |

*)Претходни податоци

Во рамки на дејноста Вадење на руди и камен растот на извозот од 54,9% (51,6 милиони евра) во најголем дел се должи на растот во гранката Вадење на руди на метал за 63%, со придонес од 2,4п.п. во вкупниот раст на извозот.

Во дејноста снабдување со електрична енергија, гас и вода, растот на извозот од 22,2 милиони евра во целост се објаснува со високиот раст на извозот на електрична енергија во 2010 година.

Во 2010 година извозот во земјоделската дејност забележа раст од 26,7%.

## Увоз

Анализирано на годишно ниво во 2010 година зголемувањето на увезените количини на стоки изнесува 11%, а нивната вредност оствари износ од 4.119,1 милион евра, или пораст од 13,9%. Само во декември 2010 година увозот на стоки забележа месечен раст од 9,8%.

Увоз на првите 10 производи по сектори и отсеци на СМТК во I-XII-2009 и I-XII-2010

| ранг | Група на производи | вредност во мил. ЕУР I-XII-2009 | вредност во мил. ЕУР I-XII- 2010 | Учество во вкупниот увоз 2009 | Учество во вкупниот увоз 2010 | разлика во п.п. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Нафта и производи од нафта | 444,1 | 563,4 | 12,3 | 13,7 | 1,4 |
| 2 | Текстил. Предива и сл. | 277,3 | 305,0 | 7,7 | 7,4 | -0,3 |
| 3 | Друмски возила | 212,5 | 137,3 | 5,9 | 3,3 | -2,5 |
| 4 | Железо и челик | 215,4 | 267,1 | 6,0 | 6,5 | 0,5 |
| 5 | Метална руда и метални отпадоци | 79,7 | 155,4 | 2,2 | 3,8 | 1,6 |
| 6 | Ел. Машини и делови | 130,2 | 141,7 | 3,6 | 3,4 | -0,2 |
| 7 | Обоени метали | 36,8 | 127,0 | 1,0 | 3,1 | 2,1 |
| 8 | разни готови производи | 107,6 | 125,3 | 3,0 | 3,0 | 0,1 |
| 9 | Телекомуникациони апарати | 127,1 | 112,0 | 3,5 | 2,7 | -0,8 |
| 10 | Медицински и фарамац. произв | 104,4 | 104,5 | 2,9 | 2,5 | -0,4 |
| | Вкупно (1-10) | 1.735,1 | 2.038,7 | 48,0 | 49,5 | 1,5 |
| | Вкупно РМ | 3.615,8 | 4.119,1 | 100,0 | 100,0 | 0,0 |

Извор :Државен завод за статистика

Најголем дел од кумулативниот увоз на стоки, според СМТК, во 2010 година отпаѓа на: нафта и производи од нафта (563,4 мил. евра, со учество од 13,7% во вкупниот увоз),

текстилни предива и слично (305,1 мил. евра, 7,7%), друмски возила (280,3 мил. евра, 6,8%), железо и челик (267,1 мил. евра, 6,5%), метална руда и метални отпадоци (155,4 мил. евра, 3,8%), електрични машини, апарати и делови (141,7 мил. евра, 3,6%) и тн.

Анализата на увозот по економска намена укажува дека индустриските производи забележаа значителен раст од 27,3%, со придонес во раст од 9,8 п.п. и изнесуваат 1.646,1 милион евра, додека вредноста на увезени производи за енергија изнесува 710,4 милиони евра, што претставува раст од 15,8%, со придонес од 3,9 п.п.. Пад од 3,1% е забележан кај увозот на производи наменети за инвестиции.

Од анализата на увозот по дејности во 2010 година се констатира дека носител на кумулутивниот раст на увозот е преработувачката индустрија со 11% или 335 милиони евра, што се должи на порастот кај: производство на хемикалии и хемиски производи за 94 милиони евра или 24,9%, производство на основни метали за 164 милиони евра или 56,5%, производство на моторни возила приколки и полуприколки за 69,4 милиони евра или 34% и производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво за 47 милиони евра или 32,7%.

Поради намалениот увоз на електрична енергија, увозот кај дејноста снабдување со електрична енергија, гас и вода забележа пад од 3,8% или 3,3 милиони евра.

Увозот во земјоделската дејност забележа позитивно движење за 8,2% или 7,2 милиони евра.




## Салдо на трговска размена

Негативното салдо на трговската размена во 2010 година изнесува 1.621,6 милиони евра, што претставува стеснување за 69 милиони евра во однос на дефицитот од 2009 година и се должи на поинтензивниот раст на извозот од увозот. Анализирано од аспект на салдата, намалувањето на негативното салдо на размената е резултат на комбиниран ефект од проширеното позитивно салдо во размената со хемиски материјали и метални производи, железо и челик и нивни производи, овошје и зеленчук, облека, тутун и преработки од тутун, како и намаленото негативно салдо на размената на индустриски машини и делови, останата транспортна опрема, погонски машини и уреди, електрична енергија, телекомуникациски апарати, месо и преработки од месо и медицински и фармацевтски производи. Во спротивна насока делува прошireното негативно салдо во размената кај нафта и производи од нафта, обоени метали, сирови хемикалии, друмски возила, изработки од неметални минерали, електрични машини и делови и друго. Ваквите движења во 2010 година условија да се подобри степенот на покриеност на увозот со извоз за 7,4 п.п. во однос на 2009 година и да изнесува 60,6%.

Анализирано според економски групации на земји, во декември продолжи да расте извозот во ЕУ, ЕФТА и земјите во развој, а увозот од сите групации на земји бележи раст, освен од ЕФТА.

Во 2010 година, при значително подобрена трговска размена со Европската унија (ЕУ 27) во однос на 2009 година за 25,3%, учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување за 2,6 п.п. и изнесува 56,2%, при што извозот на стоки учествува со 61,3% и увозот на стоки со 53,1%. Извозот во Европската Унија бележи значајно позитивно поместување од 41,5%, а увозот бележи раст од 16% во однос на 2009 година.

Во 2010 година 63,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Велика Британија, Турција, Кина и Грција, додека истиот беше корегиран со остварениот суфицит во размената со Косово, Германија, Албанија, Белгија и др.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 73,1% од надворешно-трговската размена во 2010 година е реализирана во евра, што во однос на 2009 година претставува намалување од 3,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 78% и 70%, соодветно, а намалувањето во однос на 2009 година изнесува 3,1 п.п. и 4,5 п.п., соодветно.

Надворешно - трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ
- по валути -

| извоз | I-XII 2009 | | | | | I-XII 2010 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.342 | 1.562.662.061 | 61,2728 | 95.748.679.910 | 81,1 | 2.642 | 1.947.221.100 | 61,5150 | 119.783.305.967 | 78,0 | 384.559.039 | 24,6 |
| УСД | 597 | 493.639.361 | 44,0766 | 21.757.944.680 | 18,4 | 638 | 711.112.240 | 46,4574 | 33.036.425.779 | 21,5 | 217.472.879 | 44,1 |
| ЕУР+УСД | 2.939 | | | 117.506.624.589 | 99,6 | 2.748 | | | 152.819.731.745 | 99,6 | | |
| вк извоз: | 2.945 | | | 117.993.525.022 | 100,0 | 3.286 | | | 153.492.783.843 | 100,0 | | |

Извор:Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во 2010 година вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваа 81.391 милиони денари, односно 19,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 3,7% во однос на 2009 година.

Даночните приходи, кои континуирано веќе седум месеци бележат раст, се реализирани во износ од 72.150 милиони денари и во однос на 2009 година се зголемени за 3,1%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 37.694 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во 2010 година е доминантно и изнесува 52,2%. Акцизите се остварени во износ од 14.137 милиони денари (учество од 19,6% во даночните приходи). Така, од овие два даноци се остварени приходи од 51.831 милиони денари, односно близу 3/4 од вкупните даночни приходи (12,2% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 53.217,3 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 15.523,4 милиони денари.

| **Вкупни приходи и расходи** (во милиони денари) | I-XII 2009 | I-XII 2010 |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **78.484** | **81.391** |
| Даноци | 70.009 | 72.150 |
| Персонален данок | 8.710 | 8.872 |
| Данок на добивка | 4.434 | 3.690 |
| ДДВ | 35.173 | 37.694 |
| Акцизи | 13.788 | 14.137 |
| Царини | 5.229 | 4.712 |
| Други даноци | 2.675 | 3.045 |
| Неданочни приходи | 7.075 | 7.585 |
| Останато | 1.400 | 1.656 |
| **Вкупни расходи** | **88.071** | **89.983** |
| Тековни расходи | 77.473 | 78.693 |
| Трансфери | 44.048 | 45.348 |
| Стоки и услуги | 10.300 | 9.233 |
| Плати | 21.024 | 21.201 |
| Камати | 2.101 | 2.911 |
| Капитални расходи | 10.598 | 11.290 |

Структурата на прометот во земјата укажува дека прометот со добра и услуги кои се оданочуваат со општа даночна стапка од 18% е намален за 0,4%, прометот кој се оданочува со бенефицирана даночна стапка од 5% е зголемен за 7,5%, а прометот кој е ослободен од ДДВ значајно е зголемен за 51,9%. Набљудувано по одделни категории на даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 8.872 милиони денари и се зголемени за 1,9% на годишна основа. Споредено со 2009 година приходите од ДДВ забележаа рекорден раст од 7,2%, а акцизите од 2,5%. Најголем пад од 16,8% оствариja приходите од данокот на добивка (значителен е падот по основ на месечни аконтации, бидејќи во 2009 година аконтациите во првите два месеци се плаќани на добивката од 2007 година која се оданочуваше, додека во 2010 година поради изменетата регулатива се плаќа само на непризнаените расходи утврдени со Даночниот биланс за 2008 година). Почнувајќи од април 2010 година евидентиран е приход за данок на исплатената дивиденда и друга распределба од добивката, што учествува со 27,3% во структурата на овој данок. Приходите од царина се остварени во износ од 4.712 милиони денари, што е помалку за 9,9% споредено со 2009 година.

Неданочните приходи се зголемени за 7,2% во однос на 2009 година, а позначајно учество забележаа приходите од административни такси, патарини и дивиденди.

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште и станови се оствариja во износ од 1.131 милиони денари, што е помалку за 2,8%.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 38.687 милиони денари, што е помалку за 0,4% споредено со 2009 година.

## Буџетски расходи

Во 2010 година вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваа 89.983 милиони денари, односно 21,1% од БДП, што е повеќе за 2,2% во однос на 2009 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 78.693 милиони денари учествуваа со 87,5% и се зголемени за 1,6% во однос на 2009 година,

додека капиталните расходи кои изнесуваа 11.290 милиони денари, забележаа учество во вкупните расходи од 12,6% и се зголемени за 6,5% на годишна основа.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 45.348 милиони денари, а втори по големина се платите и надоместоците со 21.201 милиони денари. Во вкупните расходи на Централниот буџет, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 23,6% и во однос на 2009 година се минимално зголемени за 0,8%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 9.233 милиони денари и споредено со 2009 година се намалени за 10,4%.

Трансферите забележаа зголемување од 3,0% споредено со 2009 година и истите учествуваа со 50,4% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 28,1%. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 14.220 милиони денари и претставуваат 15,8% од вкупните расходи.

Каматите се реализирани во износ од 2.911 милиони денари, што е повеќе за 38,6% во споредба со 2009 година. Ваквото зголемување е главно поради исплата на доспеани обврски за камати за втората еврообврзница во јули 2010 година.

### Буџетско салдо

Во 2010 година се оствари дефицит на Централниот буџет од 8.592 милиони денари, што претставува 2,0% од БДП, додека дефицитот на консолидираниот буџет се оствари во износ од 10.543 милиони денари и претставува 2,5% од БДП.

## 4. Монетарен сектор

### Примарни пари

Во декември 2010 година примарните пари[1] забележаа забрзан раст од 6,6% на годишна основа, во услови на посилен раст на вкупните ликвидни средства на банките од 8,9% и раст на готовите пари во оптек[2] од 3,5%.




На месечна основа, примарните пари забележаа раст од 3,6%, главно како резултат на растот на готовите пари во оптек од 9%. Вкупната ликвидност на

[1] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)

[2] Вклучува и готовина во благајна на банките

банките забележа месечен раст од 0,2%.

Народната банка на Република Македонија во декември 2010 година ја намали каматната стапка на благајничките записи за 0,5 п.п., односно од 4,5% на 4,0%. Истовремено, каматната стапка на кредитите преку ноќ (ломбардните кредити) се намали од 6,0% на 5,5%.

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[3] во декември 2010 година забележа забавен месечен раст од 0,9%, при раст на денарските депозити од 1,7% и раст на девизните депозити од 0,2%. Од секторски аспект, депозитите на домаќинствата се зголемија за 3%, додека депозитите на приватните претпријатија забележаа пад од 2,3%.

На годишна основа, вкупните депозити се зголемија за 13,7%. Притоа, од секторски аспект растот главно беше движен од порастот на депозитите на домаќинствата од 17,4%, со што тие остварија придонес од 84,6%. Депозитите на претпријатијата забележаа годишен раст од 6,4%.

Анализирано според валутата, денарските депозити забележаа раст од 19,9%, додека депозитите во странска валута се повисоки за 8,2% на годишна основа.

Според рочноста, краткорочните депозити бележат раст од 7,6% на годишна основа, додека долгорочните депозити бележат висок раст од 44,3%.

## Кредити на банките

Во декември 2010 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор бележат раст од 0,4% на месечна основа, што од секторски аспект се должи целосно на растот на кредитите кон приватните претпријатија од 1%, додека кредитите кон домаќинствата бележат пад од 0,6%. Според валутата месечниот кредитен раст е воден од кредитите во странска валута кои се зголемија за 6,6%, наспроти денарските пласмани кои се пониски за 1,6%.

На годишна основа стапката на раст на кредитите изнесува 7,1%. Од секторски аспект, доминантен придонес од 71% во растот на вкупните кредити има кредитирањето на секторот на приватните претпријатија, кое е повисоко за 8,5% на годишна основа. Растот на кредитите кон домаќинствата во декември изнесува 5,1%.

Од валутен аспект, денарските кредити бележат годишен раст од 2,3%, додека кај кредитите во странска валута продолжи тенденцијата на забрзан раст достигнувајќи 24%. Истовремено, долгорочните кредити бележат годишен раст од 10,8%, додека краткорочните кредити се пониски за 1%.

## Каматни стапки

Во декември 2010 година каматните стапки останаа непроменети во однос на претходниот месец, додека на годишна основа се забележува нивно намалување. Активната каматна стапка на денарските кредити изнесува 9,0%, што во однос на

---

[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

декември 2009 година претставува намалување од 1,2 п.п. Пасивната денарска стапка изнесува 6,7%, што во однос на декември 2009 година претставува намалување од 0,8 п.п..

Девизните каматни стапки исто така се непроменети на месечна основа. Каматната стапка на девизните кредити изнесува 7,4%, што претставува намалување од 0,1 п.п. во однос на декември 2009 година, додека каматната стапка на девизните депозити изнесува 3,0% и бележи пад од 0,4 п.п.

### Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на декември 2010 година изнесуваа 1.714,5 милиони евра и во однос на декември 2009 година се повисоки за 116,8 милиони евра.

## 5. Социјален сектор

### Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во 2010 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 232.499 засновани нови работни односи. Од вкупниот број нововработени, 37,8% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со 2009 година се забележува намалување на бројот на засновани нови работни односи за 5,2%.

Во текот на декември засновани се 20.935 нови работни односи, од кои 20,6% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во декември изнесува 9.391, од кои 43,5% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 9.106 лица, од кои 52,5% се лица на кои им престанал работниот однос. Резултатот е намалување на невработеноста за 285 лица, односно за 0,1% во однос на претходниот месец. Така, во декември 2010 година бројот на невработени лица изнесува 321.341. Споредено со истиот месец од 2009 година, бројот на невработени лица е намален за 5,8%.




Најголем дел од невработените, односно 66% се од урбани средини (градско население), а 57,5% се мажи. Анализирано според степенот на образование поголемиот дел, односно 52,3% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 8% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 57,9% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 50,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 30,6% чекаат вработување 8 и повеќе години.

## Пензии

Во декември 2010 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 273.751 пензионери, што претставува намалување од 0,1% во однос на истиот месец од 2009 година. Во однос на претходниот месец бројот на корисници на пензија е поголем за 572 лица.




За исплата на пензии во декември 2010 година се потрошени 2.772,1 милиони денари, што претставува 48,3% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.

Просечната пензија во декември 2010 година изнесува 10.273 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 2,1%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во ноември 2010 година (последни расположиви податоци) изнесува 49,8%.

## Плати




Просечната месечна нето плата во периодот јануари-ноември 2010 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2009 година бележи номинален раст од 2,8%, додека реално просечната плата е повисока за 1,4%.

Во ноември 2010 година просечната нето плата по вработен изнесува 20.633 денари и споредена со истиот месец од 2009 година бележи номинален раст од 3,6%, односно реален раст од 0,7%.

Процентот на вработени кои не примиле плата во ноември 2010 година изнесува 1,9% и е понизок за 0,9 п.п. во однос на истиот месец од 2009 година.

# П Р И Л О Г

## ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ

# МАКРОЕКОНОМИЈА

## Табела 1. Основни макроекономски индикатори на Република Македонија

| | | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реален раст на БДП | % | 4,5 | -4,5 | 0,9 | 2,8 | 4,6 | 4,4 | 5,0 | 6,1 | 5,0 | -0,9 | |
| БДП (по тековни цени) | ЕУР мил. | 3.893 | 3.839 | 4.001 | 4.105 | 4.442 | 4.814 | 5231 | 5965 | 6720 | 6677 | |
| Инфлација (просек) | % | 5,8 | 5,5 | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,3 | -0,8 | 1,6 |
| Инфлација (крај на период) | % | 6,1 | 3,7 | 1,1 | 2,6 | -1,9 | 1,2 | 2,9 | 6,1 | 4,1 | -1,6 | 3,0 |
| БДП дефлатор | % | 8,2 | 3,6 | 3,4 | 0,3 | 0,8 | 3,8 | 3,3 | 7,4 | 7,5 | 0,3 | |
| Буџетско салдо | % БДП | 2,5 | -6,3 | -5,6 | -1,0 | 0,0 | 0,2 | -0,5 | 0,6 | -0,9 | -2,7 | -2,5 |
| Девизен курс, просек | ДЕН/1USD | 65,89 | 68,04 | 64,73 | 54,30 | 49,41 | 49,29 | 48,79 | 44,72 | 41,86 | 44,08 | 46,46 |
| Девизен курс, просек | ДЕН/1EUR | 60,73 | 60,91 | 60,98 | 61,26 | 61,34 | 61,30 | 61,19 | 61,18 | 61,27 | 61,27 | 61,51 |
| Девизен курс, крај на период | ДЕН/1USD | 65,30 | 69,20 | 58,60 | 49,90 | 45,94 | 51,73 | 46,50 | 42,02 | 43,56 | 42,70 | 46,55 |
| Девизен курс, крај на период | ДЕН/1EUR | 60,79 | 60,96 | 61,07 | 61,29 | 61,44 | 61,17 | 61,20 | 61,22 | 61,40 | 61,20 | 61,50 |
| Извоз на стоки (Ф.О.Б.) | ЕУР мил. | | | | 1.203 | 1.345 | 1.643 | 1.914 | 2.472 | 2.684 | 1.921 | |
| Увоз на стоки (Ф.О.Б.) | ЕУР мил. | | | | 1.956 | 2.259 | 2.501 | 2.915 | 3.653 | 4.435 | 3.472 | |
| Трговски биланс | ЕУР мил. | | | | -753 | -914 | -858 | -1.002 | -1.181 | -1.751 | -1.551 | |
| - во % од БДП | % | | | | -18,3 | -20,6 | -17,8 | -19,1 | -19,8 | -26,1 | -23,2 | |
| Биланс на тековна сметка | ЕУР мил. | | | | -170 | -362 | -122 | -23 | -421 | -862 | -449 | |
| - во % од БДП | % | | | | -4,1 | -8,1 | -2,5 | -0,4 | -7,1 | -12,8 | -6,7 | |
| Девизни резерви | ЕУР млд. | 0,77 | 0,88 | 0,70 | 0,72 | 0,72 | 1,12 | 1,42 | 1,52 | 1,50 | 1,58 | |
| Покривање на увозот (резерви/увоз) | месеци | 3,7 | 4,7 | 4,0 | 3,9 | 3,3 | 3,6 | 4,2 | 4,0 | 3,5 | 4,4 | |
| Бруто надворешен долг | ЕУР млд. | | | | | 2.071 | 2.518 | 2.494 | 2.832 | 3.318 | 3.839 | |
| - во % од БДП | % | | | | | 46,6 | 52,3 | 47,7 | 47,5 | 49,4 | 57,5 | |
| Странски директни инвестиции | ЕУР мил. | | | | 100 | 261 | 77 | 346 | 506 | 400 | 145 | |
| - во % од БДП | % | | | | 2,4 | 5,9 | 1,6 | 6,6 | 8,5 | 6,0 | 2,2 | |

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и Народна банка на Република Македонија

## Табела 2. Одбрани макроекономски индикатори во одделни економии

| | Бугарија | Чешка | Естонија | Унгарија | Латвија | Литванија | Полска | Романија | Словачка | Словенија | Хрватска | Малта | Турција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **БДП (годишна стапка на реален раст)** | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 6,5 | 6,8 | 10,6 | 3,6 | 12,2 | 7,8 | 6,2 | 7,9 | 8,5 | 5,9 | 4,7 | 3,6 | 6,9 |
| 2007 | 6,4 | 6,1 | 6,9 | 0,8 | 10,0 | 9,8 | 6,8 | 6,3 | 10,5 | 6,9 | 5,5 | 3,7 | 4,7 |
| 2008 | 6,2 | 2,5 | -5,1 | 0,8 | -4,2 | 2,9 | 5,1 | 7,3 | 5,8 | 3,7 | 2,4 | 2,6 | 0,4 |
| 2009 | -4,9 | -4,1 | -13,9 | -6,7 | -18,0 | -14,7 | 1,7 | -7,1 | -4,8 | -8,1 | -5,8 | -2,1 | -4,5 |
| 2008 К-1 | 7,2 | 2,8 | -2,2 | 2,0 | 0,8 | 7,3 | 6,5 | 8,5 | 9,5 | 6,3 | 4,3 | 2,6 | 7,0 |
| К-2 | 7,1 | 3,8 | -2,6 | 2,3 | -1,5 | 5,7 | 6,0 | 9,6 | 6,9 | 5,9 | 3,4 | 3,4 | 2,6 |
| К-3 | 7,1 | 3,4 | -4,5 | 1,6 | -4,7 | 1,9 | 5,6 | 9,4 | 6,3 | 3,8 | 1,6 | 3,3 | 0,9 |
| К-4 | 3,8 | -0,1 | -10,7 | -2,4 | -10,1 | -2,3 | 2,8 | 3,1 | 1,4 | -0,8 | 0,2 | 1,0 | -7,0 |
| 2009 К-1 | -5,3 | -3,6 | -14,6 | -7,1 | -17,8 | -14,0 | 0,6 | -6,2 | -5,1 | -8,4 | -6,7 | -2,5 | -14,5 |
| К-2 | -3,8 | -5,0 | -16,6 | -8,0 | -18,1 | -15,9 | 1,1 | -8,7 | -5,4 | -9,4 | -6,3 | -3,9 | -7,7 |
| К-3 | -4,9 | -5,0 | -15,4 | -7,5 | -19,1 | -14,5 | 1,2 | -7,1 | -5,0 | -8,8 | -5,7 | -2,5 | -2,9 |
| К-4 | -5,8 | -2.9 | -8,8 | -4,3 | -16.8 | -14,5 | 3,5 | -6,5 | -3,6 | -5,7 | -4,5 | 0,3 | 6,0 |
| 2010 К-1 | -4,0 | 1.0 | -2,6 | 0,1 | -6.0 | -2,0 | 2,7 | -2,6 | 4,7 | -1,2 | -2.5 | 4,2 | 11,8 |
| К-2 | 0,5 | 2,9 | 3,1 | 1,0 | -2,1 | 1,1 | 3,6 | -0,5 | 4,2 | 2,1 | -2,5 | 4,0 | 10,2 |
| К-3 | 1,0 | 2,5 | 5,0 | 1,7 | 2,9 | 1,2 | 4,8 | -2,5 | 3,8 | 1,7 | 0,2 | 3,6 | 5,5 |
| К-4 | * | * | 6,6 | 2,0 | * | * | * | * | 3,5 | * | * | * | * |
| **Инфлација (CPI, годишна процентна промена)** | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 7,4 | 2,1 | 4,4 | 4,0 | 6,6 | 3,8 | 1,3 | 6,6 | 4,3 | 2,5 | 3,3 | 2,6 | 9,3 |
| 2007 | 7,6 | 3,0 | 6,7 | 7,9 | 10,1 | 5,8 | 2,6 | 4,9 | 1,9 | 3,8 | 2,7 | 0,7 | 8,8 |
| 2008 | 12,0 | 6,3 | 10,6 | 6,0 | 15,3 | 11,1 | 4,2 | 7,9 | 3,9 | 5,5 | 5,8 | 4,7 | 10,4 |
| 2009 | 2,5 | 0,6 | 0,2 | 4,0 | 3,3 | 4,2 | 4,0 | 5,6 | 0,9 | 0,9 | 2,2 | 1,8 | 6,3 |
| 2008 К-1 | 12,4 | 7,5 | 11,3 | 6,9 | 16,2 | 10,8 | 4,5 | 8,0 | 3,4 | 6,5 | 5,5 | 4,0 | 8,8 |
| К-2 | 14,0 | 6,7 | 11,5 | 6,8 | 17,5 | 12,3 | 4,3 | 8,6 | 4,0 | 6,4 | 6,3 | 4,2 | 10,4 |
| К-3 | 12,5 | 6,5 | 11,0 | 6,3 | 15,6 | 12,0 | 4,3 | 8,2 | 4,4 | 6,2 | 7,1 | 5,3 | 11,7 |
| К-4 | 9,1 | 4,4 | 8,7 | 4,2 | 11,9 | 9,5 | 3,6 | 6,9 | 3,9 | 3,2 | 4,3 | 5,2 | 11,0 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 К-1 | 5,1 | 1,5 | 3,7 | 2,7 | 9,0 | 8,5 | 3,6 | 6,8 | 2,3 | 1,7 | 3,5 | 3,5 | 8,4 |
| К-2 | 3,1 | 1,0 | 0,2 | 3,6 | 4,5 | 4,9 | 4,2 | 6,1 | 1,1 | 0,6 | 2,6 | 3,4 | 5,7 |
| К-3 | 0,8 | -0,1 | -0,9 | 4,9 | 1,2 | 2,4 | 4,3 | 4,9 | 0,4 | -0,2 | 1,2 | 0,9 | 5,3 |
| К-4 | 0,9 | 0,0 | -2,0 | 4,9 | -1,3 | 1,2 | 3,8 | 4,5 | 0,0 | 1,4 | 1,6 | -0,3 | 5,7 |
| 2010 К-1 | 2,0 | 0,4 | 0,0 | 5,8 | -3,9 | -0,4 | 3,4 | 4,6 | 0,0 | 1,7 | 1,1 | 0,8 | 9,3 |
| К-2 | 2,8 | 1,0 | 2,9 | 5,2 | -2,3 | 0,5 | 2,5 | 4,3 | 0,7 | 2,4 | 0,8 | 1,5 | 9,2 |
| К-3 | 3,3 | 1,6 | 3,1 | 3,6 | -0,3 | 1,8 | 2,1 | 7,5 | 1,1 | 2,3 | 1,0 | 2,6 | 8,4 |
| К-4 | 4,0 | 2,0 | 5,0 | 4,3 | 1,7 | 2,9 | 2,7 | 7,8 | 1,1 | 2,0 | * | 3,2 | * |
| **Стапка на невработеност (ILO дефиниција)** | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 9,0 | 7,2 | 5,9 | 7,5 | 6,8 | 5,6 | 13,9 | 7,3 | 13,4 | 6,0 | 11,2 | 7,1 | 8,7 |
| 2007 | 6,9 | 5,3 | 4,7 | 7,4 | 6,0 | 4,3 | 9,6 | 6,4 | 11,1 | 4,9 | 9,6 | 6,4 | 8,8 |
| 2008 | 5,6 | 4,4 | 5,5 | 7,8 | 7,5 | 5,8 | 7,1 | 5,8 | 9,5 | 4,4 | 8,4 | 5,9 | 9,7 |
| 2009 | 6,8 | 6,7 | 13,8 | 10,0 | 17,1 | 13,7 | 8,2 | 6,9 | 12,0 | 5,9 | 9,1 | 7,0 | 12,5 |
| 2008 К-1 | 6,5 | 4,7 | 4,2 | 8,0 | 6,5 | 4,9 | 8,1 | 6,3 | 10,5 | 5,1 | 10,0 | 6,1 | 10,1 |
| К-2 | 5,8 | 4,2 | 4,0 | 7,6 | 6,3 | 4,5 | 7,1 | 5,6 | 10,0 | 4,1 | 7,9 | 5,7 | 8,4 |
| К-3 | 5,1 | 4,3 | 6,2 | 7,7 | 7,2 | 6,0 | 6,6 | 5,4 | 8,9 | 4,1 | 7,0 | 5,8 | 9,1 |
| К-4 | 5,0 | 4,4 | 7,6 | 8,0 | 9,9 | 7,9 | 6,7 | 5,8 | 8,6 | 4,3 | 8,7 | 6,2 | 11,2 |
| 2009 К-1 | 6,4 | 5,8 | 11,4 | 9,7 | 13,9 | 11,9 | 8,3 | 6,9 | 10,4 | 5,3 | 9,5 | 6,8 | 14,0 |
| К-2 | 6,3 | 6,3 | 13,5 | 9,6 | 16,7 | 13,6 | 7,9 | 6,3 | 11,3 | 5,6 | 8,9 | 6,9 | 12,4 |
| К-3 | 6,7 | 7,3 | 14,6 | 10,3 | 18,4 | 13,8 | 8,1 | 6,8 | 12,5 | 6,2 | 8,7 | 7,1 | 11,9 |
| К-4 | 7,9 | 7,3 | 15,5 | 10,5 | 19,7 | 15,6 | 8,5 | 7,5 | 13,9 | 6,4 | 9,2 | 7,0 | 11,9 |
| 2010 К-1 | 9,4 | 7,8 | 19,0 | 11,2 | 20,1 | 17,2 | 9,6 | 7,3 | 14,6 | 6,7 | 11,2 | 7,1 | 11,4 |
| К-2 | 10,0 | 7,3 | 18,5 | 11,3 | 19,4 | 18,2 | 9,6 | 7,1 | 14,4 | 7,3 | 12,4 | 6,7 | 10,6 |
| К-3 | 10,0 | 7,1 | 16,1 | 11,0 | 18,3 | 18,3 | 9,6 | 7,3 | 14,4 | 7,3 | 12,2 | 6,5 | 10,6 |
| К-4 | 10,1 | 7,4 | * | 11,4 | * | * | 9,9 | * | 14,5 | 7,7 | 12,9 | 6,3 | * |

Извор: Eurostat, Crostat, Turkstat

*Податоците не се објавени

## Табела 3. Бруто домашен производ по производен метод (год. реални стапки на раст, во %)

| | Земјоделство, лов, шумарство и рибарство | Вадење руди и камен, преработувачка индустрија и снабдување со еле. енергија, гас и вода | Градежништво | Трговија на големо и трговија на мало; | Хотели и ресторани | Сообраќај, складирање и врски | Финансиско посредување, активности во врска со недвижен имот, изнајмување и импутирани станарини | Јавна управа и одбрана, социјална заштита, образование, здравство и социјална работа | Импутирани банкарски услуги | Додадена вредност | Нето-даноци на производство | БРУТО ДОМАШЕН ПРОИЗВОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А + Б | В + Г + Д | Ѓ | Е | Ж | З | Ѕ + И + Љ | Ј + К + Л | | | | |
| **2002** | -2,0 | -0,8 | 0,6 | 5,4 | 16,7 | -1,8 | -3,7 | 3,5 | 1,8 | 0,4 | 3,3 | 0,9 |
| **2003** | 4,8 | 5,0 | 13,3 | 1,8 | 9,6 | 0,4 | -3,6 | 4,9 | -1,2 | 3,3 | 0,6 | 2,8 |
| **2004** | 6,4 | 0,4 | 5,7 | 7,5 | -1,7 | -4,8 | 12,2 | -0,3 | 20,6 | 4,6 | 4,9 | 4,6 |
| **2005** | 0,1 | 2,7 | 0,9 | 4,7 | 1,5 | 10,4 | -1,9 | 4,7 | 21,9 | 2,3 | 15,4 | 4,1 |
| **2006** | 5,0 | 2,4 | 12,9 | 7,3 | 7,5 | 10,6 | 9,4 | 2,3 | 20,3 | 5,4 | -3,1 | 3,9 |
| **2007** | -2,9 | 12,6 | 3,3 | 6,6 | 8,5 | 10,5 | 4,1 | 2,4 | 16,8 | 5,9 | 7,8 | 6,1 |
| **2008** | 5,7 | 2,4 | -3,2 | 6,5 | 5,9 | 12,2 | 6,6 | 4,5 | 4,5 | 4,9 | 5,5 | 5,0 |
| **2009** | 2,5 | -8,5 | 4,2 | 0,8 | -8,6 | -0,9 | 3,6 | 1,6 | 11,2 | -1,1 | -0,3 | -0,9 |
| **2006 К-1** | 2,4 | -0,8 | 36,2 | 23,9 | 6,3 | 18,7 | 4,8 | 2,4 | 43,1 | 7,1 | 4,6 | 6,7 |
| **К-2** | 8,5 | 0,7 | 29,8 | -0,7 | 8,8 | 8,5 | 9,5 | 1,3 | 18,9 | 5,0 | -3,9 | 3,4 |
| **К-3** | 6,7 | 5,6 | 8,3 | 10,0 | 7,6 | 6,1 | 11,2 | 2,0 | 10,1 | 6,8 | -4,1 | 4,8 |
| **К-4** | 2,4 | 3,5 | -10,3 | -1,1 | 7,2 | 9,8 | 12,1 | 3,3 | 10,3 | 3,1 | -8,1 | 1,1 |
| **2007 К-1** | 7,2 | 19,8 | -3,5 | -3,3 | 2,7 | 5,8 | 3,4 | 1,5 | 20,6 | 6,7 | 4,8 | 6,5 |
| **К-2** | 1,1 | 10,2 | -0,6 | 8,5 | 13,6 | 8,0 | 1,7 | 2,5 | 20,6 | 4,8 | 4,6 | 4,8 |
| **К-3** | -5,1 | 11,2 | 5,0 | 7,7 | 11,2 | 8,8 | 5,0 | 2,6 | 21,1 | 5,0 | 7,7 | 5,3 |
| **К-4** | -8,8 | 10,8 | 10,2 | 12,6 | 5,5 | 18,8 | 6,1 | 2,9 | 6,1 | 7,0 | 13,3 | 7,9 |
| **2008 К-1** | 1,4 | 8,9 | -7,2 | 8,5 | 13,5 | 14,8 | 7,9 | 3,9 | -0,5 | 5,7 | 2,6 | 5,2 |
| **К-2** | 7,0 | 6,2 | -6,1 | 9,3 | 3,1 | 17,6 | 9,8 | 4,1 | 4,5 | 6,9 | 4,6 | 6,5 |
| **К-3** | 13,0 | 3,4 | -11,2 | 5,9 | 4,9 | 12,4 | 5,2 | 4,9 | 5,2 | 5,7 | 7,1 | 5,9 |
| **К-4** | 1,9 | -7,3 | 1,9 | 3,2 | 4,0 | 5,2 | 3,7 | 5,1 | 8,6 | 1,6 | 7,0 | 2,5 |
| **2009 К-1** | 1,4 | -11,2 | 2,8 | 0,3 | -5,3 | 0,6 | 6,1 | 1,1 | | -1,9 | 2,9 | -0,8 |
| **К-2** | 2,8 | -10,5 | 8,5 | -0,5 | -7,3 | -2,1 | 1,5 | 2,4 | | -2,1 | -2,2 | -1,9 |
| **К-3** | 3,5 | -12,9 | 2,4 | 1,3 | -7,4 | 0,4 | 4,7 | 1,5 | | -2,1 | -2,9 | -2,2 |
| **К-4** | 2,2 | 0,7 | 2,5 | 2,0 | -14,2 | -2,3 | 2,5 | 1,3 | | 1,4 | 1,3 | 1,2 |
| **2010 К-1** | 5,1 | -1,3 | 7,7 | 0,1 | -15,0 | -1,4 | 5,7 | 4,0 | | 1,0 | -13,6 | -1,3 |
| **К-2** | 1,8 | 1,8 | -12,1 | 2,3 | -8,7 | 4,0 | 4,5 | 0,7 | | 1,0 | 1,3 | 1,1 |
| **К-3** | 2,4 | 0,7 | 18,4 | 2,7 | -7,5 | 0,8 | 3,8 | 0,8 | | 2,0 | -2,2 | 1,3 |

Извор: Државен завод за статистика




Извор: ДЗС

**Табела 4. Бруто домашен производ по расходен метод (годишни реални стапки на раст, во %)**

| | БДП | Финална потрошувачка | | | Бруто инвестиции | Извоз на стоки и услуги | Увоз на стоки и услуги |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Лична | Јавна | | | |
| 2002 | 0,9 | 6,3 | 12,5 | -11,1 | 13,1 | -5,2 | 9,7 |
| 2003 | 2,8 | -3,3 | -1,5 | -9,9 | -2,4 | -5,7 | -15,2 |
| 2004 | 4,6 | 7,5 | 9,1 | 1,3 | 10,6 | 11,7 | 16,7 |
| 2005 | 4,4 | 4,8 | 5,9 | 0,7 | -3,6 | 13,4 | 8,2 |
| 2006 | 5,0 | 6,1 | 7,5 | 0,5 | 7,9 | 8,2 | 10,1 |
| 2007 | 6,1 | 6,5 | 8,1 | -0,3 | 22,2 | 11,8 | 16,1 |
| 2008 | 5,0 | 8,0 | 7,4 | 10,6 | 5,4 | -6,3 | 0,8 |
| 2009 | -0,9 | -4,4 | -3,9 | -6,4 | 0,9 | -10,7 | -11,1 |
| 2006 К-1 | 6,7 | 12,3 | 16,1 | -1,2 | -15,5 | 20,3 | 20,2 |
| К-2 | 3,4 | 6,8 | 6,6 | 7,5 | 21,2 | 10,2 | 19,6 |
| К-3 | 4,8 | 0,7 | 0,7 | 0,8 | 6,1 | 24,8 | 13,9 |
| К-4 | 1,1 | 2,4 | 2,9 | 0,2 | 6,0 | 2,0 | 5,4 |
| 2007 К-1 | 6,5 | 5,4 | 6,3 | 2,5 | 21,3 | 21,9 | 24,9 |
| К-2 | 4,8 | 5,7 | 8,2 | -4,1 | -22,3 | 18,6 | 9,1 |
| К-3 | 5,3 | 6,1 | 6,5 | 4,2 | 35,6 | 2,7 | 14,2 |
| К-4 | 7,9 | 7,6 | 9,7 | -1,5 | 61,5 | 8,2 | 18,5 |
| 2008 К-1 | 5,2 | 5,7 | 5,7 | 3,0 | 24,6 | -11,2 | -0,8 |
| К-2 | 6,5 | 6,7 | 6,2 | 6,4 | 49,9 | -12,5 | 4,5 |
| К-3 | 5,9 | 7,7 | 8,5 | 0,8 | -2,9 | -2,0 | -2,0 |
| К-4 | 2,5 | 10,1 | 7,2 | 21,4 | -19,5 | -2,9 | -1,6 |
| 2009 К-1 | -0,8 | -3,4 | -3,3 | -3,8 | 32,5 | -15,9 | -4,2 |
| К-2 | -1,9 | -2,4 | -2,6 | -1,2 | -14,2 | -7,2 | -11,4 |
| К-3 | -2,2 | -4,6 | -5,7 | 0,3 | -9,5 | -7,3 | -11,9 |
| К-4 | 1,2 | -6,7 | -3,9 | -18,1 | 4,5 | -13,0 | -16,0 |
| 2010 К-1 | -1,3 | 0,4 | 0,6 | -0,4 | -47,3 | 8,3 | -14,0 |
| К-2 | 1,1 | 1,0 | 3,4 | -7,7 | 4,7 | 15,6 | 12,2 |
| К-3 | 1,3 | 3,2 | 4,1 | -0,4 | 4,8 | 25,2 | 23,8 |

**Табела 5. Индустрија (производство, вработеност и продуктивност), годишни промени во %**

| | Индустриско производство | | | | Вработеност | | | | Продуктивност | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | Вадење на руди и камен | Преработувачка индустрија | Електрична енергија, гас и вода | **Вкупно** | Вадење на руди и камен | Преработувачка индустрија | Електрична енергија, гас и вода | **Вкупно** | Вадење на руди и камен | Преработувачка индустрија | Електрична енергија, гас и вода |
| **2002** | -5,3 | -24,5 | -4,7 | -3,8 | -6,6 | -7,3 | -7,5 | 5,7 | 1,4 | -18,6 | 3,0 | -9,0 |
| **2003** | 4,7 | -39,1 | 5,9 | 9,8 | -5,5 | -1,9 | -6,4 | 1,9 | 10,8 | -37,9 | 13,1 | 7,8 |
| **2004** | -2,2 | -5,0 | -2,1 | -2,6 | -6,5 | -7,7 | -5,9 | -10,3 | 4,6 | 2,9 | 4,0 | 8,6 |
| **2005** | 7,0 | 40,4 | 7,3 | 2,5 | -4,3 | -3,7 | -4,6 | -1,7 | 11,8 | 45,8 | 12,5 | 4,3 |
| **2006** | 3,6 | 11,5 | 3,6 | 0,8 | -3,4 | -0,6 | -3,6 | -4,3 | 7,2 | 12,2 | 7,5 | 5,3 |
| **2007** | 3,7 | 9,8 | 5,2 | -9,5 | -1,0 | -6,3 | -0,2 | -2,2 | 4,7 | 17,2 | 5,4 | -7,5 |
| **2008** | 5,5 | 9,9 | 6,3 | -3,1 | -1 | -8,3 | -0,1 | -1,9 | 6,6 | 19,8 | 6,4 | -1,2 |
| **2009** | -7,7 | -12,3 | -9,3 | 8,8 | -6,6 | -9,8 | -6,8 | -2,1 | -1,2 | -2,8 | -2,7 | 11,1 |
| **2010** | -4.3 | -3.4 | -6.9 | 14.3 | -4.4 | -2.8 | -5.0 | -0.9 | 0,1 | -0,6 | -2,0 | 15,3 |
| **2009 К-1** | -10,8 | -12,6 | -12,1 | -1,6 | -4,4 | -6,8 | -4,6 | -0,3 | -6,7 | -6,2 | -7,9 | -1,3 |
| **К-2** | -13,1 | -19 | -15,2 | 17,1 | -5,7 | -9,3 | -5,6 | -2,3 | -7,8 | -10,7 | -10,2 | 19,9 |
| **К-3** | -13,2 | -10,9 | -15,2 | 10,5 | -8,9 | -12,5 | -9,3 | -2,9 | -4,7 | 1,8 | -6,5 | 13,8 |
| **К-4** | 7,8 | -6,4 | 7,9 | 14,2 | -7,5 | -10,7 | -7,7 | -2,6 | 16,5 | 4,8 | 16,9 | 17,2 |
| **2010 К-1** | -9,1 | -3,6 | -14,3 | 19,5 | -7,1 | -8,4 | -7,4 | -2,7 | -2,2 | 5,2 | -7,4 | 22,9 |
| **К-2** | -1,5 | 1,5 | -6,5 | 38,9 | -6,5 | -3,8 | -7,4 | -1,1 | 5,3 | 5,5 | 1,0 | 40,4 |
